РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02 - 1727 / 1
04.10.2024
СКОПЈЕ

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**Економски факултет - Скопје**

Бр.______________
Дата.____________2024 година

Врз основа на член 37 став 6 и 12 од Законот за високото образование, (Службен весник на Република Македонија бр.82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.178/21), член 65 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.425/2019), член 56 и 57 од Статутот на Економскиот факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр.444/2019 и 526/2020) и одредбите од Статутот на Факултетското студентско собрание на Економскиот факултет - Скопје, деканот на Економскиот факултет – Скопје, ја донесе следната

## ОДЛУКА

за распишување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје

Член 1

Се распишуваат избори за претседател и 32 (триесет и два) члена на Факултетското студентско собрание на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје, за мандатен период од 1.12.2024 до 30.11.2025 година.

Член 2

Изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание ќе се одржат со тајно гласање на ден 4.11.2024 година (понеделник) во зградата на Економскиот факултет – Скопје, во периодот од 08:30 до 15:00 часот.

Просторијата или просториите во кои ќе се спроведе гласањето ќе бидат дополнително утврдени.

Член 3

Се именува изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и на членови на Факултетското студентско собрание на Економскиот факултет – Скопје, во следниот состав:

-Доц. д-р Љубен Коцев
-Асис. м-р Тодор Тоцев
-Анастасија Копчаревска, со број на индекс 62821
-Анастасија Трајковска, со број на индекс 63275
-Меланија Копчаревска, со број на индекс 63873

Член 4

Изборната комисија од член 3 на оваа одлука:

-ја спроведува изборната постапка/и;

-донесува одлука со која се констатира дека предложените/пријавените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за членови на Факултетско студентско собрание односно да бидат предложени за избор на претседател. Во одлуката се наведува личното име на кандидатот, дали е запишан во семестарот во годината кога се вршат изборите, односно дали има статус на активен студент на втор или трет циклус

на студии во годината кога се вршат изборите, студиската година, циклусот на студии, студиската програма и слично. Одлуката на комисијата е конечна;

-ги утврдува резултатите од гласањето;

-составува записник за резултатите од гласањето на факултетот и за крајниот резултат;

-врши и други активности со цел организирање и спроведување на изборите.

Изборната комисија донесува Упатство со кое се утврдува нејзината работа, го утврдува изгледот на гласачкото ливче, утврдува образец на записник, начинот на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, известувања, записници, како и други документи кои се потребни во процесот на организација и спроведување на постапката за избор.

Упатството се објавува на веб-страната на факултетот, најдоцна 7 дена пред одржувањето на изборите.

На веб-страната на факултетот, најдоцна 7 дена пред одржувањето на изборите се објавува одлуката со која се констатира дали предложените кандидати ги исполнуваат односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за членови во Факултетското студентско собрание и за претседател.

Член 5

Се задолжува изборната комисија од член 3 на оваа одлука, изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Економскиот факултет – Скопје, да ги спроведе, во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Статутот на Економски факултет – Скопје, како и Статутот на факултетското студентско собрание на Економскиот факултет - Скопје.

Член 6

Кандидатите за членови во Факултетското студентско собрание се утврдуваат на собири на студентите по години на студии (на прв циклус студии) и циклуси (втор и трет циклус на студии).

Студентите сами се пријавуваат како предлог кандидати за членови во Факултетското студентско собрание од соодветните студиски години и циклуси.

Секој студент има право да предложи најмногу 2 предлог кандидати за во факултетското студентско собрание во соодветната година односно циклус.

Вкупниот број на предложени кандидати треба да биде најмалку колку што е бројот на кандидати коишто треба да бидат избрани како претставници за член/членови во Факултетското студентско собрание од соодветната студиската година или циклус.

Собирите на студенти по години и циклуси (втор и трет циклус на студии) ќе се спроведат во следните термини:

-Собирот на студенти од прва година ќе се одржи на ден 24.10.2024 година, во предавална 3, со почеток во 15:00 часот;

-Собирот на студенти од втора година ќе се одржи на ден 24.10.2024 година, во предавална 5, со почеток во 15:00 часот;

-Собирот на студенти од трета година ќе се одржи на ден 24.10.2024 година, во предавална 4, со почеток во 15:00 часот;

-Собирот на студенти од четврта година ќе се одржи на ден 24.10.2024 година, во предавална 8, со почеток во 15:00 часот;

-Собирот на студенти од втор и трет циклус на студии ќе се одржи на ден 24.10.2024 година, во фонолабораторија, со почеток во 15:00 часот;

Во случај на промена на место и време на одржување на собирите, Комисијата ќе достави дополнителна информација.

Факултетското студентско собрание го сочинуваат претставици од студентите по години од прв, втор и трет циклус на студии, распределени на следниот начин:

-7 (седум) студенти, претставници од прва година;

-7 (седум) студенти, претставници од втора година;

-7 (седум) студенти, претставници од трета година;

-7 (седум) студенти, претставници од четврта година;

-3 (три) студенти претставници од сите студиски програми на втор циклус студии;

-1 (еден) студент претставник од сите студиски програми на трет циклус студии.

Доколку на некој од собирите не се предложат доволен број на кандидати, собирот ќе се одржи првиот нареден работен ден во исто време и во истата просторија.

Член 7

Се смета дека студентот е запишан во II студиска година, доколку има остварено најмалку 30 кредити и запишано најмалку еден предмет од III семестар, запишан во III студиска година, доколку има остварено најмалку 90 кредити и запишано најмалку еден предмет од V семестар и запишан во IV студиска година, доколку има остварено најмалку 150 кредити и запишано најмалку еден предмет од VII семестар.

Член 8

Врз основа на спроведените собири на студенти по години и циклуси, Изборната комисија ја донесува одлуката од член 4 став 1 алинеја 2 на оваа одлука најдоцна на 25.10.2024 година.

Член 9

Право да избира и да биде избран за претставник во Факултетското студентско собрание имаат:

- сите активни студенти на прв циклус студии на Економскиот факултет, кои запишале зимски семестар во учебната 2024/2025 година, (семестарот во кој што се врши изборот).

- сите активни студенти запишани на студиските порграми на втор и трет циклус студии. Студентот на втор и трет циклус на студии има статус на активен студент ако има запишано тековен зимски семестар во учебната 2024/2025 година, доколку е во рокот за поднесување на тези односно во рокот определен за изработка и одбрана на магистерски или докторски труд.

Член 10

Право да биде избран за претседател во Факултетското студентско собрание има секој редовен студент на Економскиот факултет – Скопје, којшто до денот на поднесувањето на кандидатурата редовно запишувал семестри, завршил најмалку трет семестар, ги положил сите испити заклучно со трет семестар и кој што запишал зимски семестар во учебната 2024/2025 година.

Кандидирањето за избор на претседател е лично со подесување на кандидатура.

Прилог на писмената кандидатура претставува листа за поддршка која е потпишана од најмалку 30 студенти (име, презиме и број на индекс) од Факултетот со право на глас.

Доколку прилог на кандидатурата од став 3 на овој член не претставува листата на студенти за поддршка, или пак на истата не е потпишана од најмалку 30 кандидати кои имаат право да гласаат, поднесената кандидатура, а по извршена проверка Изборната комисија со одлука ќе ја отфрли како нецелосна.

Кандидатурата за претседател во затворен коверт се поднесува преку архивата на Факултетот, до Изборната комисија, најдоцна до 24.10.2024 година, до 16:00 часот.

Изборната комисија ја донесува одлуката од член 4 став 1 алинеја 2 на оваа одлука најдоцна на 25.10.2024 година.

Кандидат за член во факултетското студентско собрание не може истовремено да биде и кандидат за претседател.

Член 11

Претседателот и членовите во Факултетското студентско собрание се избираат за период од 1 година.

Студентите кои досега двапати биле избрани како претседател или претстввник во Факултетското студентско собрание, немаат право на трет избор.

Член 12

За претседател е избран оној кандидат кој добил најмногу гласови од студентите кои гласале, дефинирани во член 9 од оваа одлука.

Доколку два или повеќе кандидати освоиле ист број на гласови, во тој случај се спроведува прегласување во рок од три дена од денот на објавувањето на резултатите од спроведеното гласање.

Член 13

За избран член/членови во факултетското студентско собрание се смета/сметаат кандидатот/кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале од соодветната година односно соодветниот циклус.

Доколку при изборот, двајца или повеќе студенти кои според бројот на гласовите се последни од оние кои можат да бидат избрани како преставници на студентите во Факултетското студентско собрание, и кои освоиле ист број на гласови, изборот помеѓу нив се врши со ждребка, која ја спроведува Изборната комисија.

Член 14

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Оваа одлука се објавува на веб-страната на Факултетот.

Оваа одлука да се достави до сите студенти на нивните е-маил адреси.

ДЕКАН

Проф. д-р Предраг Трпески